## ПРОЕКТ: ПАЛЕОЛИТОТ ВО ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ

**Од извршените археолошки истражувања на локалитетот Узун Мера, село Мустафино, Свети Николе**

**1. Податоци за носителот на дозволата за археолошките истражувања**

Универзите Гоце Делчев , Штип :

Крсте Мисирков б.б Штип

БДС 6237320; Облик на организирање 02.1; Претежна дејност 85.42

Решение бр. 3012007008174 од 13.06.2007година

Одговорно лице: Проф. д-р Блажо Боев

Лице за контакт: Проф. д-р Трајче Нацев

Стручен раководител на истражувањето: Проф. д-р Трајче Нацев

**2. Податоци за истражувачкиот тим**

Раководителот на проектот е вработен во Универзитет Гоце Делчев Штип,

1. Проф. д-р Трајче Нацев, археолог – советник , раководител на проектот.

Надворешни членови на стручниот тим:

2. д-р Дарко Стојановски, археолог, кораководител.
3. Проф. д-р Сара Лејси, антрополог, Универзитет на Калифорнија-Домингез Хилс.
4. Александар Нацев, археолог, Народен музеј Свети Николе.
5. Благоја Китановски, археолог, Археолошки музеј на РСМ.
6. Стефанија Стојановска, конзерватор и документатор, член.
7. Дејан Георгиев, археолог.
8. Кристијан Блажевски, студент по археологија, УГД.
9. Игор Ѓорѓиоски, студент по археологија, УГД.

**3. Приказ на применетата методологија, времето во кое работите се изведувани, правецот, организацијата и условите на археолошките истражувања**

Во периодот помеѓу 1 и 29 Октомври 2021, археолошките истражувања беа фокусирани на претходно неистражуван дел од локалитетот, маркиран уште во претходната кампања (Сл. 1). Имено, во текот на 2020 беше забележана поголема концентрација на површински наоди на северниот дел на локалитетот на мало возвишение (Сл. 2), поконкретно на дел од КП 822/1, 822/6 и 822/7. Годинава на оваа локација поставивме две сонди со вкупна површина од 6м$^2$ (сонда 8 и 9, нумерирани во континуитет од 2017) (Сл. 3). Сонда 8 (41°50'33.38"N 22° 3'51.68"E), со димензии 2х2м, лежи во северниот дел на КП 822/6. Сонда 9 (41°50'33.69"N 22° 3'48.51"E), со димензии 1х3м по оската С-Ј, се наоѓа во СЗ дел на КП 822/7. Една од друга се оддалечени 74 метри, а сонда 9 е за 0,45м на повисоко од сонда 8.

При ископувањето, во зависност од цврстината, текстурата и содржината на слојот, се користеше и крупен и ситен алат. И во двата случаи, тенденцијата беше откопите да не надминуваат 5цм. На терен работеше една група од археолози и студенти по археологија и сондите се ископуваа последователно, односно сонда 9 беше започната по завршување на сонда 8. Текот на работата беше координирана од раководителот и кораководителот.

Првите две седмици постојано паѓање дожд и беше невозможно да се работи, со што ефективното време за работа на терен ни беше преполовено. Но благодарение на влагата, во втората половина на кампањата имавме идеални услови за ископување на тврдата овчеполска земја, за прв пат во сите изминати години на локалитетот.

**4. Првични резултати и сознанија**

Археолошкиот локалитет Узун Мера, кој се наоѓа во атарот на с. Мустафино во центарот на Овче Поле, е единствен Палеолитски локалитет на отворено во Македонија и само втор истражуван локалитет од овој ран период од човечката историја. Истражувањата започнаа во 2017 година, кога локалитетот беше откриен при рекогносцирање на теренот од страна на раководителот и кораководителот.

Сонда 8 беше истражена до 1.2 м длабочина и беа констатирани 3 слоја (Сл. 4). Сонда 9 беше истражена до 1.3 м длабочина и беа констатирани 4 слоја (Сл. 5). Визуелно стратиграфијата во двете сонди изгледа различно. Во сонда 8 камењата се ретки. Најголема

концентрација се забележува на преминот од слој 2 кон слој 3. Слој 2 не се издвојува многу јасно и е на некој начин транзиција помеѓу лесоликиот слој 3 и рецентната смолница (слој 1), горните 40тина сантиметри од кој сезонски се превртуваат со орање. Парчиња делкан камен се наоѓаат во сите слоеви со релативно ниска фреквентност. Стратиграфијата завршува со мек песочник, кој бил основа за формирање на слој 3.

Во сонда 9 ситуацијата е поразлична. Под тенкиот (околу 0,2 м) слој ораница (смолница), лежи слој 2, целосно составен од заоблени камења со различна големина (Сл. 6 и 7). Овој слој е идентичен со слој 2 во сонда 3 и 4 од 2017/2018 година. Како и таму, и овде камењата се испукани и со очигледни траги од екстремни атмосферски услови. Под овој слој беа дефинирани две појави – слој 3 во северниот поголем дел на сондата (слој од чакал и наместа поситен песок) и слој 4 во јужниот дел на помала површина (слој од светла пепеласта земја со помала концентрација на камења). Иако со мала бројност, предмети од делкан камен се откриваат низ сите слоеви.

Според прелиминарните резултати, можеме да потврдиме дека зголемената концентрација на артефакти е на некаков начин поврзана со топографијата, односно со дискретни издигнувања на теренот кои под површината содржат слој (нанос) од камења. Веројатно овие камења биле видливи пред околу 50 000 години и групи од *Homo neanderthalensis* често ја посетувале оваа локација за изработка на орудија. И оваа година како и претходните, беа откриени неколку десетици артефакти, кои дополнително ќе бидат анализирани (Сл. 8). Засега воочлива е доминацијата на Левалуа техниката на производство на камени алатки, помал број од кои имаат ретуш. Со откритијата од оваа година комплетираме колекција од близу 200 камени орудија од Средниот Палеолит, што е една завидна колекција не само во рамки на државата, туку и пошироко. По петгодишни теренски истражувања, следува фаза на детални анализи и публикација и дисеминација на досегашните сознанија од овој уникатен археолошки локалитет.

## 5. Место на депонирање на движниот археолошки материјал

Врз основа на договорот со Локална установа Народен Музеј Свети Николе, движниот археолошки материјал по неговата обработка ќе биде предаден на Локална установа Народен Музеј Свети Николе.

6. **Образложение за евентуалното отстапување од предвидените позиции во Основниот план за археолошкото истражување или од условите определени од во дозволата за археолошките истражувања**

   Нема отстапувања

7. **Избор од теренска документација**




Сл. 5 Површината на Узун Мера и локации на истражување: 1-истражувања 2017, 2018 и 2020; 2-истражување 2019; 3-истражување 2021.



Сл. 2




Сл. 3




Сл. 4 Комплетен приказ на стратиграфијата во сонда 8 по крајот на истражувањата




Сл. 5 Комплетен приказ на стратиграфијата во сонда 9 по крајот на истражувањата




Сл. 6 Сонда 9, слој 2, основа






Сл. 7 Сл. 8

**8. Финансиски извештај**

Исплата на стручна екипа, геодетски услуги, општи работници и транспорт на стручна екипа и работници ...............................170.000

ВКУПНО 170.000 денари

**9. Заклучни согледувања и предлози**

Со оваа истражувачка кампања ја потврдивме важноста на локалитетот за разбирање на Палеолитските култури на овие простори, и се уверивме во диверзитетот на локалитетот во смисла на стратиграфија, топографија, концентрација и типологија на артефакти итн. Потребно е по задлабочено проучување на досега откриените артефакти и започнување на поширока кампања на ископување на поголема површина, како би се стекнале со статистички значаен примерок на предмети од камен од една иста целина, што би помогнало во понатамошно културно и хронолошко дефинирање на локалитетот. Останува и долгорочната цел за гео-археолошки истражувања кои би одговориле на многу важни прашања кои се провлекуваат од првата сезона, а се во врска со генезата на локалитетот и неговиот интегритет. Се надеваме на поволни услови во блиска иднина за остварување на овие цели.

| **Образец А** | |
|---|---|
| **Основен лист за археолошки истражувања** | |
| ***Податоци за археолошкото наоѓалиште*** | |
| Назив на археолошкото наоѓалиште: Узун Мера | |
| | |
| Општина: Свети Николе | ЕМБ: 41362300538 |
| Место: Мустафино | |
| Катастарски податоци: КП 841/2, КО Мустафино в.г. | |
| Географски координати: 41°50'33.38"N 22° 3'51.68"E | |
| ***Статус на заштитено добро*** | |
| Евидентирано добро | Заштитено добро |
| <u>**Евидентирано добро**</u> | 1. Добро под привремена заштита<br>2. Резервирана археолошка зона<br>3. Културно наследство |
| Културна припадност: Среден Палеолит | |
| Попрецизна датација: 250 000 – 40.000 години пред н.е. | |
| ***Податоци за археолошките истражувања*** | |
| Вид на истражувањето: сондажно | Година: 2021 |
| Носител на истражувањето: Универзитет Гоце Делчев Штип | |
| Овластен истражувач: Проф. д-р Трајче Нацев | |
| Стручни соработници:<br>1.д-р Дарко Стојановски археолог<br>2.д-р Бошко Ангеловски, археолог<br>3. Стефанија Стојановска, конзерватор и документатор | |
| Дозвола (број и датум): УП 08-800 од 29.09.2021 | |

| *Податоци за мерките за заштита* | |
|---|---|
| Вид на заштита: нема | Година: |
| Јавна установа за заштита: | |
| Овластен конзерватор: | |
| Стручни соработници: | |
| Заштитни мерки | |
| Сместување на движните наоди и документацијата (надлежна установа):<br>ОУ Музеј Свети Николе | |

***Образец Б***

| Лист број |
|---|
| 3 |

**Дополнителен лист за значајни движни наоди**

| Датум:<br>**27.10.2021** | Наоѓалиште:<br>Узун Мера, с. Мустафино, Свети Николе | | |
|---|---|---|---|
| Сектор/ Квадрат/Сонда/Слој<br>**КП 822/1** | | | |
| Тер. инв. бр.:<br>178 | Дневник бр.: | Длабочина:<br>**површина** | Координати: |
| Материјал:<br>**жолто-кафеав јаспис** | Димензии:<br>47x346x17 | Датирање:<br>**Среден Палеолит** | Зачуваност:<br>- целосно<br>~~- фрагментирано~~ |
| Начин на изработка:<br>**делкање** | | | |
| Опис:<br>Одбиток со двоен страничен ретуш. | | Скица/Фото<br><br> | |
| Декорација/ Печат/Знак/Натпис: | | | |
| Бр. на Влезна Книга: | | Инв. бр.: | |
| Истражувач<br>**Проф. д-р Трајче Нацев**<br>**д-р Дарко Стојановски** | | Обработил<br>**д-р Дарко Стојановски** | |

***Образец Б***

| Лист број |
|---|
| 7 |

**Дополнителен лист за значајни движни наоди**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Датум:<br>**06.10.2021** | Наоѓалиште:<br>Узун Мера, с. Мустафино, Свети Николе | | |
| Сектор/ Квадрат/Сонда/Слој<br>**КП 822/6** | | | |
| Тер. инв. бр.:<br>182 | Дневник бр.: | Длабочина:<br>**површина** | Координати: |
| Материјал:<br>**кафеав јаспис** | Димензии:<br>36x26x8 | Датирање:<br>**Среден Палеолит** | Зачуваност:<br>- целосно<br>~~- фрагментирано~~ |
| Начин на изработка:<br>**делкање** | | | |
| Опис:<br>Левалуа одбиток со ретуш. | | Скица/Фото<br> | |
| Декорација/ Печат/Знак/Натпис: | | | |
| Бр. на Влезна Книга: | | Инв. бр.: | |
| Истражувач<br>**Проф. д-р Трајче Нацев**<br>**д-р Дарко Стојановски** | | Обработил<br>**д-р Дарко Стојановски** | |

***Образец Б***

| Лист број |
|---|
| 8 |

**Дополнителен лист за значајни движни наоди**

<table>
<tr><td>Датум:<br>21.10.2021</td><td colspan="3">Наоѓалиште:<br>Узун Мера, с. Мустафино, Свети Николе</td></tr>
<tr><td colspan="4">Сектор/ Квадрат/Сонда/Слој<br>822/6</td></tr>
<tr><td>Тер. инв. бр.:<br>183</td><td>Дневник бр.:</td><td>Длабочина:<br>површина</td><td>Координати:</td></tr>
<tr><td>Материјал:<br>Темно-сив камен</td><td>Димензии:<br>48x40x25</td><td>Датирање:<br>Среден Палеолит</td><td>Зачуваност:<br>- целосно<br>~~- фрагментирано~~</td></tr>
<tr><td colspan="4">Начин на изработка:<br>делкање</td></tr>
<tr><td colspan="2">Опис:<br><br>Левалуа јадро.</td><td colspan="2">Скица/Фото<br></td></tr>
<tr><td colspan="4">Декорација/ Печат/Знак/Натпис:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Бр. на Влезна Книга:</td><td colspan="2">Инв. бр.:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Истражувач<br>Проф. д-р Трајче Нацев<br>д-р Дарко Стојановски</td><td colspan="2">Обработил<br>д-р Дарко Стојановски</td></tr>
</table>